Влада на Република Северна Македонија
Бр. 4401-17/36

# З А П И С Н И К
од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 април 2020 година

**Скопје, април 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 април 2020 година**

Седницата започна во 12:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска – Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваше и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за

внатрешни работи, како и м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и ЃокоТанасоски, директор на Царинската управа.

Од седницата отсуствуваа м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи и д-р Рената Дескоска, министер за правда.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 6 април 2020 година

2. Информација за потреба од донесување на Одлука за реализација на предложено решение за поврат на двојно платена акциза од страна на ЈСП „Скопје", со Предлог - одлука

3. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на правото на исплата на надоместоци за претседателите и членовите на управни и надзорни одбори во јавните установи, јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост за време на вонредна состојба

4. Предлог - уредба со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

6. Предлог - уредба со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје

7. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба

8. Предлог - уредба со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

9. Кадровски прашања

10. Прашања и предлози

11. Информација за преземените антикризни економски мерки поврзани со тековната ситуација во Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација „М-НАВ", АД Скопје, со Барања на Еуроконтрол

12. Предлог - одлука за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19

13. Предлог – одлука за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Дваесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, одржан на 6 април 2020 година.

1. Го разгледа предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да се воведат порестриктивни забрани за движење на населението на територијата на Република Северна Македонија и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, заклучи:

1.1. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 16:00 часот до 5:00 часот наредниот ден, како и се забранува движење на населението почнувајќи од 16:00 часот во петок, до 5:00 часот во понеделник.

1.2. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија со возраст над 67

години, од понеделник до петок во временски период од 12:00 часот до 10:00 часот наредниот ден.

1.3. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок во временски период од 15:00 часот до 13:00 часот наредниот ден.

1.4. Почнувајќи од 8 април 2020 година (среда), да се забрани собирање во група на повеќе од две лица, во паркови и на други јавни места и површини, а лица помлади од 14 години кои се во придружба на родител кој е дел од групата не се вбројуваат.

1.5. За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, дозволи сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), од понеделник до петок да може да ги изнесуваат надвор од своите домови, во вечерните часови во времетраење од 30 минути, почнувајќи од 20:00 часот до 20:30 часот, а во деновите сабота и недела, наутро од 8:00 часот до 8:30 часот, попладне од 15:00 часот до 15:30 часот и во вечерните часови од 20:00 часот до 20:30 часот, најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат.
Притоа, граѓаните да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.

Согласно ова, Владата донесе:

- Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и

- Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење коронавирус КОВИД - 19 (изменувањето е инкорпорирано и составен дел на Одлуката од точка 12 од Дневниот ред на оваа седница).

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, на подрачјето на Градот Скопје, за вработените лица кои работат во овие институции и фирми, а живеат надвор од подрачјето на градот Скопје и патуваат секојдневно на работа, работодавачот да ги упати овие лица на задолжителна работа од дома, без физичко присуство на работното место за време на вонредната состојба.

3. Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, во насока работното време да го прилагоди

согласно забраната за движење, која се смета за донесена на оваа седница на Владата.

Согласно ова, се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, да го прилагодат работното време за административните и јавните службеници, односно истите да завршат со своите работни задачи и активности, со цел пред почетокот на забраната за движење на територијата на Република Северна Македонија, односно пред 16:00 часот да можат да бидат во своите домови.

4. Се задолжува Министерството за здравство веднаш да подготви план за работа и организација на сите јавни и приватни здравствени установи, како и аптеките во општините на територијата на Република Северна Македонија.

5. Владата ги задолжи Општинските кризни штабови да определат економски оператори/и – маркет/и од каде ќе се обезбедуваат само најнеопходните намирници, согласно приоритетните барања на граѓаните за време на забраната за движење на територијата на Република Северна Македонија, а економските оператори кои се регистрирани да вршат достава на храна преку он-лајн порачки, непречено да ја извршуваат својата работа за време, во деновите сабота и недела.

За оваа цел, се задолжуваат Општинските кризни штабови, во соработка со Министерството за внатрешни работи да го организира движењето на лицата волонтери што ќе ги доставуваат најнеопходните намирници до домовите на граѓаните.

6. Економските оператори што имаат производствени капацитети да го прилагодат своето работно време согласно забраните за движење на територијата на Република Северна Македонија и непречено да го организираат работниот процес.

Економските оператори што работат во прва смена да го организираат работниот процес согласно забраната и посебниот режим на движење, а производствените капацитети кои работат во втора, трета и четврта смена да го организираат својот начин на работа како и до сега, со издадени дозволи за движење од страна на работодавачот согласно пропишаниот образец.

7. Како и за сите претходно донесени одлуки, заклучоци, мерки и препораки на Владата, исто и за оваа мерка важат исклучоците за вработените лица во Министерството за внатрешни работи, припадниците на Агенцијата за национална безбедност, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните територијални единици, Царинската управа, земјоделските лица и фармери кои работат и се движат во атарот на руралните средини и оние кои одгледуваат раноградинарски култури и

имаат неодложни активности за одгледување на истите во овој период, млеко производителите, како и другите лица и институции претходно опфатени во исклучоците за овие мерки и забрани.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Град Скопје, којашто дополнително ќе се усогласи со Царинската управа, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и Градот Скопје.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на паричните паушали на извршните членови на одборите на директори, паричните надоместоци за претседателите и членовите на управни и надзорни одбори во јавните установи, јавните претпријатија и акционерските друштва во целосна сопственост на државата за време на вонредна состојба (најнов текст), со следните заклучоци:

1. Ограничувањето на правото на исплата на паричните паушали на извршните членови на Одборите на директори, паричните надоместоци на претседателите и членовите на управни и надзорни одбори, претседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа и претседателите и членовите на комисии, работни групи и советодавни и експертски тела формирани од Владата и органите на единиците на локалната власт, кои се истовремено вработени за време на траење на вонредната состојба, да не биде повисоко од минималната плата.

2. Да не се предвидуваат патни трошоци за јавните претпријатија и единиците на локалната самоуправа и преку измена на нивните деловници да се овозможи одржување на е-седница.

3. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка Министерството за финансии да подготви и да достави до Владата посебна уредба со законска сила со која ќе се формира и регулира фондот за уплата на средства на посебна сметка во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за примање на донации во вид на парични средства од правни и физички лица кои ќе се користат за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД - 19

4. Оваа уредба со законска сила да важи за сите институции, а исклучоците да бидат детално наведени во истата.

5. Согласно овие заклучоци соодветно да се преработат и предлог-уредбите со законска сила од точките 4, 5 и 6 од Дневниот ред на оваа седница на Владата.

**Точка 4**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 7 април 2020 година (вторник), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-уредбата согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и предлозите изнесени согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 5**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 7 април 2020 година (вторник), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-уредбата согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и предлозите изнесени согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - уредбата со законска сила за исплата на авторски хонорари за лица ангажирани во органите на државната власт (законодавна, извршна и судска), регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна или доминантна државна сопственост, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, за наредната седница на Владата која ќе се одржи на 7 април 2020 година (вторник), поради потребата предлагачот да го усогласи текстот на Предлог-уредбата согласно укажувањата на Секретаријатот за законодавство и предлозите изнесени согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-уредбата со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба за седницата на Владата што ќе се одржи на 7 април 2020 година (вторник), поради потребата од дополнителни усогласувања.

**<u>Точка 9</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 10</u>**

**1.** По повод укажувањето на Горан Милевски, министер за локална самоуправа, во врска со Заклучокот од точка 16 од Триесеттата седница на Владата, одржана на 27 март 2020 година, по Информацијата во врска со можностите на Министерството за локална самоуправа за учество на конкретни активности согласно планот на Министерството за здравство за справување со состојбата од настанатата епидемија, Владата заклучи истиот да се измени во насока:

- За делот од швајцарските средства од Проектот „Одржлив инклузивен рамномерен регионален развој“ кој се имплементира заедно со Министерството за локална самоуправа во висина од 260.000 CHF, се задолжува Министерството за локална самоуправа да ги пренамени овие средства во Буџетот на Министерството за здравство, а Министерството за здравство да ја спроведе постапката преку формирање на соодветна комисија.

По завршување на состојбата со Пандемијата и употребата на монтажните контејнери и останатите реквизити, да се вратат на Министерството за локална самоуправа.

**2.** Владата го разгледа и го прифати - Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за прогласување на кризна состојба на дел од нејзината територија, во општините Дебар и Центар Жупа за справување со ширењето на корона вирусната зараза КОВИД – 19 за периодот од 27 март 2020 година до 2 април 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за владиниот кол-центар за компаниите и граѓаните – во врска со информации за економските и другите мерки за КОВИД – 19 и ја усвои со следниов заклучок:

1) Во контакт центарот наменет за поддршка на бизнисот и граѓаните во врска со економските прашања во услови на справување со кризата предизвикана од COVID-19, покрај телефонскиот број, да се воспостави и електронска пошта за комуникација.

2) Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи,

Министерството за култура, Министерството за здравство, Царинската управа, Агенцијата за млади и спорт, Фондот за иновации и технолошки развој, Развојна банка на Република Северна Македонија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а се препорачува на Народна банка на Република Северна Македонија до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да доставаат номинации на контакт лица за владиниот кол-центар, веднаш, а најдоцна во рок од три дена.

**4.** Во врска со медицинскиот персонал за кој има започнато постапки за вработување до фаза на склучување на договори за вработување до денот на распишување на изборите, Владата заклучи Министерството за здравство да ги извести сите јавни здравствени установи да ја завршат постапката и да ги склучат договорите.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените антикризни економски мерки поврзани со тековната ситуација во Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, со Барања на Еуроконтрол и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го одобри Барањето на Еуроконтрол со бр. App./PC/20-05-REV – DGD20_0185 - COVID-19: Airspace User Charges, согласно кое се прифаќа одложувањето на плаќањата за февруари, март, април и мај 2020 година и за истото да го информира претставникот на Република Северна Македонија во Еуроконтрол, Томислав Тунтев, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, најдоцна до 6.4.2020 година.

2. Го одобри Барањето на Еуроконтрол со бр. App./PC/20-06 – DGD20_0188 COVID 19: Airspace User Charges – 2nd Proposal, согласно кое ќе се овласти EUROCONTROL да бара начин за обезбедување финансиски средства за давателите на услуги во воздухопловна навигација и за истото да го информира претставникот на Република Северна Македонија во Еуроконтрол, Томислав Тунтев, директор на Агенцијата за цивилно воздухопловство, најдоцна до 13.4.2020 година.

**Точка 12**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД - 19, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за прераспределба на средства меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите, за наредната седница, што ќе се одржи на 7 април 2020 година (вторник).

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски